ДЗР-Q-720-101.02

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# ГОДИШЕН ПЛАН

# ЗА КОНТИНУИРАНО ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ И ОБУКИ

## ЗА 2019 ГОДИНА

Скопје, јануари 2019 година

Врз основа на член 9 точка 16 од Законот за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија бр. 66/10, 145/10, 12/1443/14, 154/15, 192/15, 27/16 и 83/18) и член 66 став 3 од Колективниот договор на ниво на Државен завод за ревизија, бр.01-401/1 од 15.04.2015 година, а во врска со Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2019 година бр. 01 – 932/1 од 28.12.2018 година, заменикот на главниот државен ревизор донесе

# ГОДИШЕН ПЛАН

## за континуирано професионално усовршување и обуки за 2019 година

## 1. Континуирано професионално усовршување и обуки

Вработените во Државниот завод за ревизија имаат право и должност стручно да се оспособуваат и усовршуваат во зависност од процесот на работа. Активностите за едукација на вработените се во согласност со стратешките определби на ДЗР за развој на ревизорските знаења и ревизорските вештини за сите видови на ревизии, како и за специфични области за ревизија, а во согласност со мандатот на ДЗР. Континуираното професионално усовршување и обуките се активности кои ВРИ ги проектира и реализира во согласност со барањата на ИНТОСАИ (Меѓународна организација на ВРИ) и ИССАИ (Меѓународни стандарди на ВРИ) за управување со човечки ресурси, градење и одржување на независна, професионална и мултидисциплинарна ВРИ, а заради промоција и испорака на ефикасна и применлива додадена вредност од мандатот на ВРИ.

Континуираното професионално усовршување и обуките на вработените во ДЗР се врши во согласност со Програмата за КПУ и обуки на ДЗР која е составен дел на ГП за работа на ДЗР. Темите, периодот и бројот на слушатели за секои КПУ и обуки треба да бидат усогласени со термините за вршење на ревизорските активности без при тоа истите да бидат нарушени или одложени. Во Програмата за КПУ на ДЗР вклучени се и обучни активности кои се дел од активностите на Твининг проектот „Понатамошно зајакнување на капацитетите и ефикасноста на Државниот завод за ревизија за вршење на надворешна ревизија“ кој тековно се реализира како меѓународна

активност на ДЗР. Во Програмата за КПУ и обуки на ДЗР вклучени се и активности кои се дел од Прегледот на планирани меѓународни активности за 2019 година како работилници и семинари.

Дисеминација на стекнатите знаења и вештини на вработени во ДЗР ќе се врши и преку спроведување на пилот ревизии како дел од Твининг проекти, паралелни, меѓународни, заеднички и кооперативни ревизии, преземени во соработка со Меѓународната организација на ВРИ (ИНТОСАИ) и нејзините регионални форми (ЕУРОСАИ, АФРОСАИ, АРАБОСАИ, АСОСАИ, ПАСАИ, ОЛАЦЕФ и КАРОСАИ), како и активности кои произлегуваат од билатерална соработка помеѓу ДЗР и други ВРИ, како и реализација на студиски посети и стажирања на вработени од ДЗР во други ВРИ или други организации, учество на семинари, курсеви, работилници и други форми на соработка, организирани во рамки на активностите на Меѓународната организација на ВРИ – ИНТОСАИ и нејзините регионални форми, како и Европскиот суд за ревизија, СИГМА и други меѓународни професионални организации од областа на ревизијата.

## 2. Програма за КПУ и обуки во ДЗР

Заради реализација на Годишниот План за КПУ и обуки на ниво на ДЗР за 2019 година, изработена е и Програма за спроведување на конкретните активности од КПУ и обуки на вработени во ДЗР која е дадена во прилог табела кон ГП за КПУ и обуки.

Нивото на КПУ и на обуки е поделено на пет области и тоа следните:

I. Основно ниво на обуки;
II. Напредно ниво на обуки;
III. Општи обуки – сметководство и законска регулатива, регулатива по области од интерес на државниот ревизор, обуки од областа на МСС и МСФИ;
IV. Обуки според Планот за обуки – К2, активност 2.1. со ВРИ на Бугарија;
V. Работилници и семинари од меѓународни активности – Преглед на планирани меѓународни активности за 2019 година;

VI. Информативни обуки – новини од законска регулатива по области од интерес на државниот ревизор, редовни инфо за статусот на препораките по извештаи од ДЗР;

## 3. Капацитети за спроведување на КПУ и обуки во ДЗР

ДЗР располага со сопствени просторни капацитети во рамки на деловната зграда во која се наоѓа, со две сали опремени со седишта, техничка – аудио - визуелна опрема за вршење на презентации и обучни активности кои се со капацитет од 40 лица и 20 лица. Од аспект на човечки ресурси кои ќе ги спроведат КПУ и обуките за вработени во ДЗР, институцијата располага со еден професионален сертифициран обучувач специјалист на ИНТОСАИ и други лица кои се докажани професионалци во областа на испораката на знаења и спроведување на обуки.

## 4. Временска рамка за реализација на ГП за КПУ и обуки во ДЗР и теми за КПУ и обуки

Временската рамка за спроведување и реализација на ГП за КПУ и обуки во ДЗР како составен дел на ГП за работа на ДЗР за 2019 година ќе се одвива во периодот јануари – декември 2019 година, во термини кои се погодни за спроведување на КПУ и обуки, како и во термини кои се усогласени со преземените обврски по прашања од веќе договорени твининг проекти и меѓународни активности. Временската рамка за спроведување на КПУ и обуките на ДЗР од редовните обучни активности ќе биде поставена на начин и во термини, водејќи сметка истата да не ги наруши или забави редовните активности на ДЗР за вршење на ревизии и исполнување на ГП за работа на ДЗР за 2019 година.

Темите за обуки се детално разработени во табелата која е составен дел на овој план. При тоа се опфатени периодот на спроведување на обуките, вработените по сектори кои ќе бидат опфатени со обуката, бројот на денови за обука за секоја тема, обучувачи, како и финансиски средства за реализација на ГП за КПУ и обуки.

Во текот на 2019 година ќе продолжи практиката на номинација и аплицирање за стручно усовршување преку стажирање во Европскиот суд за ревизија. Правата и обврските на вработените за реализација на овој вид на стручно усовршување ќе се утврдат со договор склучен со главниот државен ревизор, а во согласност со член 67 од колективниот договор на ниво на Државен завод за ревизија.

## 5. Средства за реализација на КПУ и обуки

Средствата за реализација на обуките утврдени во Програмата за КПУ и обуки ќе се реализираат од следните извори:

- Буџет на Државниот завод за ревизија, и
- Средства од Твининг проектот „Понатамошно зајакнување на капацитетите и ефикасноста на Државниот завод за ревизија за вршење на надворешна ревизија“ во реализација со ВРИ на Бугарија и ВРИ на Хрватска.

## 4. Извршување на Годишниот план за КПУ и обуки

Извршувањето на Годишниот план за КПУ и обуки ќе се реализира во текот на 2019 година.

## 5. Завршни одредби

Овој План влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 01.02.2019 година.

Заменик главен државен ревизор

Насер Адеми

Бр.01 – 169/1

Скопје, 01.02.2019 година

## ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА КПУ И ОБУКИ НА НИВО НА ВРАБОТЕНИ ВО ДЗР ЗА 2019 ГОДИНА

| реден број | Ниво на обуки | Период на спроведување | датум | Предавачи | слушатели | место на одржување | дополна |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **I. ОСНОВНО НИВО НА ОБУКИ** | | | | | | |
| 1. | I.1. Запознавање со мандатот, улогата и значење на Државниот завод за ревизија на Република Македонија | февруари - ноември, 2019 | февруари | Т.Тасевска/Б.Гулев | вработени од 2010 г. | Сали за обука во ДЗР | |
| 2. | I.2. Основи на државната ревизија - историјат и развој | февруари - ноември, 2019 | февруари | Т.Тасевска/Б.Гулев | вработени од 2010 г. | Сали за обука во ДЗР | |
| 3. | I.3. Запознавање со методолошките основи на професијата - видови на ревизии и фази во ревизијата | февруари - ноември, 2019 | февруари | Т.Тасевска/Б.Гулев | вработени од 2010 г. | Сали за обука во ДЗР | |
| 4. | I.4. Основи на државната ревизија - во служба на јавноста | февруари - ноември, 2019 | февруари | Т.Тасевска/Б.Гулев | вработени од 2010 г. | Сали за обука во ДЗР | |
| 5. | I.5. Основи на INTOSAI концептот и Кодексот на етика | февруари - ноември, 2019 | април | Т.Тасевска/Б.Гулев | вработени од 2010 г. | Сали за обука во ДЗР | |
| 6. | I.6. Запознавање со концептот на КК и ОК | февруари - ноември, 2020 | | Т.Тасевска/Б.Гулев | сите вработени | Сали за обука во ДЗР | вклучување на Љ.Тошевска за споделување на практичните искуства од КК |
| | **II. НАПРЕДНО НИВО НА ОБУКИ** | | | | | | |
| 1. | II.1. Видови на ревизии | февруари - ноември, 2019 | | Т.Тасевска/Б.Гулев | вработени од 2010 г. | Сали за обука во ДЗР | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2. | II.2. Фази во ревизијата - според видови на ревизија | февруари - ноември, 2019 | | Т.Тасевска/Б.Гулев | вработени од 2010 г. | Сали за обука во ДЗР | |
| 3. | **II.3. Специфики на видовите на ревизии** | февруари - ноември, 2019 | | Т.Тасевска/Б.Гулев | вработени од 2010 г. | Сали за обука во ДЗР | |
| 4. | II.4. Обработка на ИНТОСАИ стандардите | февруари - ноември, 2019 | | Т.Тасевска/Б.Гулев | сите вработени | Сали за обука во ДЗР | |
| 5. | II.5. Обработка на МРС (објаснување на пирамидата на ISSAI и поединечни МРС) | февруари - ноември, 2019 | | Т.Тасевска/Б.Гулев | сите вработени | Сали за обука во ДЗР | |
| 6. | II.6. Обука за подобрување на ревизорските извештаи - концепт, содржина, употреба на јазик и стил, употреба на алатки (инфографици и други) заради олеснување на восприемање на пораката од ДЗР кон сите заинтересирани страни | февруари - ноември, 2019 | | Т.Тасевска/Б.Гулев | сите вработени | Сали за обука во ДЗР | |
| 7. | II.7. Напредни алатки за 3 Е во ревизијата (поврзано со т.II.6.) | февруари - ноември, 2019 | | ИТ: С.Јаковчевски, Г.Поповски, В. Николовски и М.Б.Тренчевска | сите вработени | Сали за обука во ДЗР | |
| | | | | | | | |
| | **III. ОПШТИ ОБУКИ** | | | | | | |
| | | | | | | | |
| 1. | III.1. Сметководство и законска регулатива | февруари - ноември, 2019 | | | | Сали за обука во ДЗР | |
| | - обуки од областа на сметководството | февруари - ноември, 2019 | | Б.Гулев/М.Ацевски | сите вработени | Сали за обука во ДЗР | |
| | - обуки од областа на законската регулатива по области од интерес на државниот ревизор/вработен во ДЗР | февруари - ноември, 2019 | | Б.Гулев/М.Ацевски | сите вработени | Сали за обука во ДЗР | |
| | обука од областа на примена на МСС и МСФИ | февруари - ноември, 2019 | | Б.Гулев | сите вработени | Сали за обука во ДЗР | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | - обуки од специфични области од интерес за државниот ревизор - во зависност од мандатот и работата на субјектот предмет на ревизија | февруари - ноември, 2019 | | ПГДР и раководители на РЕ: | сите вработени | Сали за обука во ДЗР | |
| | | | | | | | |
| | **IV. ОБУКИ СПОРЕД ПРЕДЛОГ ПЛАН ЗА ОБУКА НА ВРАБОТЕНИТЕ (Компонента 2, активност 2.1 - Р.Бугарија)** | planK2!A1 | | planK2!A1 | вработени вклучени во компоненти од проект | | активностите по оваа точка ќе се одвиваат согласно проектниот план за обуки |
| | | | | | | | |
| | **V. РАБОТИЛНИЦИ И СЕМИНАРИ ОД МЕЃУНАРОДНИ АКТИВНОСТИ СПОРЕД ППРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ МЕЃУНАРОДНИ АКТИВНОСТИ НА ДЗР ЗА 2019;** | прегледмеѓународни!A1 | | прегледмеѓународни!A1 | вработени/учесници | | активностите по оваа точка ќе се одвиваат согласно прегледот по теми и временска рамка на меѓународните активности |
| | | | | | | | |
| | **VI. ИНФОРМАТИВНИ НАСТАНИ** | | | | | | |
| | | | | | | | |
| 1. | VI. 1. Новини од законската регулатива по области од интерес на државната ревизија | февруари - ноември, 2019 | | | вработени по сектори/сите | Сали за обука во ДЗР | |
| | - ЕЛС | февруари - ноември, 2019 | | ПГДР и раководители на РЕ | вработени по сектори/сите | Сали за обука во ДЗР | избор од соодветниот сектор |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | - Фондови (ПИОМ, ФЗО и др.) | февруари - ноември, 2019 | | ПГДР и раководители на РЕ | вработени по сектори/сите | Сали за обука во ДЗР | избор од соодветниот сектор |
| | - ЈП | февруари - ноември, 2019 | | ПГДР и раководители на РЕ | вработени по сектори/сите | Сали за обука во ДЗР | избор од соодветниот сектор |
| | - Медицински установи | февруари - ноември, 2019 | | ПГДР и раководители на РЕ | вработени по сектори/сите | Сали за обука во ДЗР | избор од соодветниот сектор |
| | - животна средина | февруари - ноември, 2019 | | ПГДР и раководители на РЕ | вработени по сектори/сите | Сали за обука во ДЗР | избор од соодветниот сектор |
| | - Јавни набавки | февруари - ноември, 2019 | | Претставник од БЈН/ПГДР и раководители на РЕ | вработени по сектори/сите | Сали за обука во ДЗР | |
| | - прашања од областа на урбанизмот | февруари - ноември, 2019 | | ПГДР и раководители на РЕ | вработени по сектори/сите | Сали за обука во ДЗР | избор од соодветниот сектор |
| | - ревизија на политички партии | февруари - ноември, 2019 | | ПГДР и раководители на РЕ | вработени по сектори/сите | Сали за обука во ДЗР | избор од соодветниот сектор |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | - инфо за статусот на препораки во ДЗР | февруари - ноември, 2019 | | Сектор за унапредување на ревизијата и следење на МП за имплементација на МС | сите вработени | Сали за обука во ДЗР | избор од соодветниот сектор |